# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

За периодот јули – септември 2024 година

Ноември, 2024 година

## СОДРЖИНА

1. Резиме

2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)

   а) Собрание
   б) Управен одбор
   в) Надзорен одбор
   г) Комисија за образование, обука и публикации
   д) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор
   ѓ) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори
   е) Комисија за контрола на квалитетот
   ж) Дисциплинска комисија
   з) Комисија за сметководствени стандарди
   ѕ) Комисија за стандарди за ревизија

3. Судски постапки

## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот јули – септември 2024 година, беа усвоени следните:

- ✓ Одлука за избор на заменик - претседател на ИОРРСМ.
- ✓ Одлука за разрешување на членови на органите и комисиите на ИОРРСМ.
- ✓ Одлука за именување на членови на органите и комисиите на ИОРРСМ.
- ✓ Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2023 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2023 година.
- ✓ Одлуки за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ за неисполнување обврска за посета на КПУ часови согласно член 28 од Законот за ревизија.
- ✓ Одлука за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на добивање на уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство бр. 0202-171/03 од 09.05.2018 година.
- ✓ Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство.
- ✓ Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Пречистен текст, бр. 0101-260/1 од 23.05.2023 година.
- ✓ Пречистен текст на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластни ревизори на Република Северна Македонија.
- ✓ Тримесечен извештај за работата на ИОРРСМ за периодот април-јуни 2024 година.

# НАСТАНИ И СОСТАНОЦИ




На 26.09.2024 година, беше одбележан Денот на ревизорот #auditorproud day. Денот на ревизорот е настан кој што се одбележува последниот четврток во септември секоја година ширум светот.

На 16 септември, Генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска преку видео конференциска врска присуствуваше на 2024 IFAC Virtual Chief Executives Forum во организација на IFAC. Настанот се состоеше од излагања во контекст на активностите на зближување помеѓу различни членки на IFAC, како и споделување на заеднички искуства. Дополнително на настанот беше дискутирана професионалната одговорност од штета на сметководствената/ревизорската професија и заштитата на клиентите, како и споделување на искуства од повеќе законодавства.

Во овој период на 34-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија членовите на ИОРРСМ, со тајно гласање, согласно Статутот на ИОРРСМ, избираа членови на органи и комисии на ИОРРСМ, како и заменик и–претседател на ИОРРСМ. За заменик – претседател беше избран Јане Иванов.

Од 17 до 28 јуни 2024 година беше спроведена испитната сесија јуни - јули 2024 година, кога беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.



## КПУ НАСТАНИ ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ 2024




На 16 и 17 септември 2024 година, Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ) и Здружението на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ) организираа заедничка годишна конференција со наслов – Ревизија: Иднината е сега (Audit: The Future is Now), во хотел Дрим, Струга. За присуство на конференцијата се признаваа 12 КПУ часа за овластените ревизори и внатрешните ревизори.






Првиот ден од конференцијата, со воведен говор го отворија претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и претседателот на ЗВРСМ Билјана Секуловска. На конференцијата учествуваа експерти од земјата и странство (Хрватска, Србија, Шпанија, Обединетото кралство) кои ги споделија своите искуства и најдобри практики од бизнисот во кој што работат на тема иднината на ревизијата. На темата "Вештачката интелигенција во ревизијата: Подигнување на квалитетот и ефикасноста, предавање имаше овластен ревизор Срѓан Рангеловиќ, член на управниот одбор на ИОРРСМ, а на панел дискусијата учесници беа членови на управниот одбор на ИОРРСМ: Драган Давитков, Огњен Блажевски, задно со останати учесници.










На второиот ден на конференцијата беа опфатени теми како: Gen Z – Како да се мотивираат и задржат новите генерации на работа, Самобрендирање на ревизија, Стратегија за внатрешна ревизија според глобалните стандарди, Директива за Корпоративно известување за одржливост (CSRD), од перспектива на ревизорот.

Предавањата беа проследени со панел дискусија на тема - ESG "Известување надвор од бројките", каде што покрај другите учесници, панелист беше и овластените ревизори Данило Јовановиќ членови на ИОРРСМ.

## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Собрание

На 27.09.2024 година, беше одржана 34-та седница на Собранието на ИОРРСМ. Присутните членови на ИОРРСМ, со тајно гласање, согласно Статутот на Институтот, на ден 27.09.2024 година избираа членови на органи и комисии за членовите со истечен мандат, како и заменик - претседател на ИОРРСМ.

- За членови на Управен одбор беа избрани: Јане Иванов, Александра Кузмановска, Срѓан Ранѓеловиќ, Антонио Велјанов и Огњен Блажевски.
- За членови на Надзорен одбор се избрани: Зорица Божиновска Лазаревска, Ивана Богдановска и Симе Јовановски.
- За членови на Комисијата за стандарди за ревизија беа избрани: Јасна Дуковска Јегени и Билјана Митревска.
- За членови на Комисијата за сметководствени стандарди беше избран: Мико Кацарски.
- За членови на Комисијата за образование, обука и публикации беа избрани: Жарко Михајловски, Сашка Бошковска – Богдановска, Марија Божиновски и Елена Попова - Бојаџиевска.
- За членови на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор беа избрани: Зоран Миновски и Ирена Стојковска.
- За членови на Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори беа избрани: Сузана Бошевска Јанкова, Мартин Ќосевски и Даниела Козарева Јованов.
- За членови на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги кои се вработени во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - трговец поединец беше избран: Ненад Ранѓеловиќ.
- За член на Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги кој не е вработен во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - трговец поединец беше избран: Гоце Христов.
- За заменик - претседател на ИОРРСМ, беше избран Јане Иванов.

На 34-та седница на Собранието на ИОРРСМ беа донесени следните:

- Одлука за избор на заменик - претседател на ИОРРСМ.
- Одлука за разрешување на членови на органите и комисиите на ИОРРСМ.
- Одлука за именување на членови на органите и комисиите на ИОРРСМ.
- Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2023 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2023 година.

## б) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 235-та, 236-та, 237-та, 238-та и 229-та седница, на кои што ги усвои/одобри следните:

- Одлуки за одобрување на Мислења за утврдување адекватност/ веродостојност на Програма според која кандидатот стекнал квалификација за ревизор во странство (ACCA), за лицето Симона Дрндаревска Златевска.
- Одлуки за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ за неисполнување обврска за посета на КПУ часови согласно член 28 од Законот за ревизија.
- Одлука за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на добивање на уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство бр. 0202-171/03 од 09.05.2018 година.
- Пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство.
- Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Пречистен текст, бр. 0101-260/1 од 23.05.2023 година.
- Пречистен текст на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластни ревизори на Република Северна Македонија.
- Тримесечен извештај за работата на ИОРРСМ за периодот април-јуни 2024 година.
- Огласи за вработување на: контролор на квалитет во ИОРРСМ, службеник за административна поддршка на контролата на квалитет и стручно лице за професионална поддршка на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци за прашања од интерес на вршење на дејноста.
- Одлука за одобрување на Мислење за утврдување адекватност/ веродостојност на Програма според која кандидатот стекнал квалификација за ревизор во странство (The Society of Certified Accountants and auditors of Kosovo), за барателот Венера Зумбери Абдили.
- Предлог дневен ред за 34-та седница на Собранието на ИОРРСМ.

Управниот одбор разгледуваше: Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2024/2025 година и Ревидиран Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2024/2025, за натамошно проследување до СУНРРСМ; Ажуриран Годишен план за проверки на контрола на квалитетот за 2024/2025 година (Термински план) бр. 1405-422/1 од 14.08.2024 година на комисијата за контрола на квалитетот; Квартален извештај за спроведување на контроли на квалитет со состојба на 31.03.2023 година, за доставување до СУНРРСМ за редовно квартално известување; Информација од Комисијата за контрола на квалитет, за друштва за ревизија кај кои контролата на квалитет не била извршена во период подолг од 3 години, за доставување до СУНРРСМ за полугодишно известување; Извештаи од спроведена контрола на квалитет согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија согласно член 20-а став (4) од Законот за ревизија.

Управниот одбор разгледуваше и предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, како и дописи и други поднесоци доставени од СУНРРСМ и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## в) Надзорен одбор

Надзорниот одбор на ИОРРСМ ја одржа 46-та седница на која што се разгледуваше Нацрт Извештај на ревизорот и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која што завршува на 31 декември 2023 година, како и други прашања поврзани со сметководствената евиденција и работењето на ИОРРСМ.

## г) Комисија за образование, обука и публикации

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Разгледуваше доставени документи во врска со барање за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство (The Society of Certified Accountants and auditors of Kosovo) за барателот Венера Зумбери Абдили.
- Одржа координативен состанок на работна група за подготвителни активности за спроведување КПУ настан.
- Го одобри Билтенот на ИОРРСМ за јануари - март 2023 година.
- Работеше на подготвителни активности за спроведување на настани за КПУ во 2024 година согласно Годишната програма за КПУ за 2024 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

**I.** Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитната сесија - јуни/јули 2024 година. На 1 и 3 јули 2024 година, беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

- Го разгледа Извештајот за резултатите од спроведување на испитот испитна сесија – јуни/јули 2024 година, доставен од координаторот проф. д-р Марина Трпеска и ги утврди резултатите од испитната сесија - јуни/јули 2024 година.
- Усвои Извештаи за оценување по барање на кандидатите кои го полагаа испитот во испитна сесија - јуни/јули 2024 година.
- Усвои Извештај за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во испитната сесија – јуни/јули 2024 година.

**II.** Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за вонредната испитна сесија - септември/октомври 2024 година.

- Усвои список на кандидати кои пријавиле испити во вонредната испитна сесија - септември/октомври 2024 година.
- Утврди датуми за полагање на испитите во вонредната испитна сесија - септември/октомври 2024 година.
- Назначи координатор за вонредната испитна сесија - септември/октомври 2024 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## ѓ) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледуваше барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, за натамошно постапување.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## е) Комисија за контрола на квалитетот

Во периодот јули – септември 2024 година, Комисијата за контрола на квалитетот:

- Донесе годишен план и термински план на контроли на квалитет за 2024/2025 година;
- Усвои квартален извештај за спроведените контроли по барање на СУНРРСМ за периодот до 30.06.2024 година;
- Достави извествање во врска со барањето на СУНРРСМ број 03-48/3 од 26.03.2019 година за доставување информација за друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци на кои не била извршена контрола на квалитет во период подолг од три години;
- Промена на годишен план и термински план на контроли на квалитет за 2024/2025 година.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања поврзани со спроведување на Годишниот план за контрола на квалитет за 2023/2024 година и на Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 година.

## ж) Дисциплинска комисија

Дисциплинската комисија во периодот јули – септември 2024 година:

- Спроведе активности во дисциплинска постапка врз основа на Одлука за поведување на дисциплинска постапка на Управниот одбор против овластени ревизори кои што не ја исполниле законската обврска да посетуваат обука од најмалку 120 часа за период од три години, односно посетување обука од најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување, согласно член 28 од Законот за ревизија за 2021, 2022 и 2023 година.

Дисциплинската комисија разгледуваше дописи и други актуелни прашања, и спроведуваше активности согласно надлежностите на комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

## з) Комисија за сметководствени стандарди

Комисијата за сметководствени стандарди во периодот јули – септември 2024 година:

- Разгледуваше допис од страна на Комисијата за образование, обука и публикации, за одговор на прашања во врска со ново - објавените МСФИ/МСС и подготви известување до Управниот одбор на ИОРРСМ во врска со утврдување насоки за понатамошно постапување.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## S) Комисија за стандарди за ревизија

Комисијата за стандарди за ревизија во периодот јули – септември 2024 година:

- Го разгледуваше ажурираниот превод на Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународниот Кодекс на етика објавени од IFAC, од англиски на македонски јазик.
- Го одобри ажурираниот превод на Меѓународниот кодекс на етика за професионалните сметководители (издание 2023) објавен од IFAC, од англиски на македонски јазик.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## 3. Судски постапки

### I. Управни спорови

Во периодот јули - септември 2024 година, во тек беа следните постапки:

- Управен спор против Одлука за изрекување на дисциплинска мерка – трајно исклучување од членство во ИОРРСМ пред Управен суд Скопје, поведен од страна на овластен ревизор Стојанчо Коцев на 25.06.2024 година. Одлуката за изрекување на дисциплинска мерка беше донесена согласно напатствија од Пресуда на Управен суд – Скопје во постапка за повторно одлучување.
- Управен спор поведен против Одлука за изрекување на дисциплинска мерка од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ, по пресуда во полза на ИОРРСМ. Незадоволната страна ТП Ревизор Бабамов – Струмица, вложи жалба пред Вишиот управен суд. Постапката е во тек.

### II. Други судски спорови

Во периодот јули - септември 2024 година, други судски спорови не се поведени.

**Ноември, 2024 година**